# РЕЗИМЕ ЗА ТЕКСТ

**Прочитај го дадениот текст. Тоа е кратка биографија за еден познат наш спортист. Откриј за кого се работи со одговор на дадените прашања.**

Пред неговото име има најмногу НАЈ – најдобар стрелец на европско и на светско првенство, најдобар десен бек во светот, прв ракометар во европската Лига на шампиони што постигнал 1.000 голови.

Роден е во Свети Николе. Започнал да тренира ракомет уште од најмлади години. Со РК „Пелистер“ станал шампион на Македонија и заиграл на европските натпреварувања.

Настапувал во познати клубови во Хрватска, Унгарија, Шпанија, Франција. Најистакнат капитен на најдобрата и најуспешната машка ракометната репрезенатација, а потоа и нејзин селектор.

Прогласен е за спортист на Македонија, добитник на два национални медали за заслуги , спортски Амбасадор на Македонија.

Најдобриот македонски ракометар на сите времиња и еден од најдобрите стрелци во историјата на ракометната игра е избран во „Куќата на славните“ на ЕХФ.

„ Животот на врвните спортисти не е лесен, потребна е голема индивидуална и фамилијарна жртва, но, сепак, јас се одлучив за ова затоа што го сакам многу и живеам за спортот и за ракометот...„ - Кире Лазаров



1. За кој спортист се зборува во текстот?

________________________________________________________________

2. Со каков спорт се занимава?

А) фудбал Б) кошарка В) ракомет Г) одбојка

3.Прогласен е за прв ракометар на европската лига на шампиони. Зошто?

________________________________________________________________

4. На интернет пребарај кој е бројот на дресот на овој познат ракометар и вметни го на цртежот. Потоа обој го дресот со боите на македонското знаме.



# ОПИШУВАЊЕ ОСОБИНИ НА ЛИКОВИ, ПРЕДМЕТИ, ПОЈАВИ

Избери еден овошен плод и во соодветното празно поле опиши ја неговата форма, боја, големина, корист од него. Описот се  пишува во соодветен број- како што се страните на коцка за играње( слика во 1- опис во 6, слика во 2, опис во 5, слика во 3, опис во 4)

1



2

3

5





6

7

resursi.literatura.mk